БР. 6 година I јуни 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА




- **ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ**
  со д.р Сузан Роуз-Ејкерман
- **АНАЛИЗА**
  Со пријавувачи (whistleblowers) против корупцијата
- **ИСТРАЖУВАЊЕ**
  Фирмите за јавните набавки
- **ОД НОВИНАРСКИ АГОЛ**
  Јавните набавки добија тајни анекси

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

Центар за граѓански комуникации
Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје
тел. (02) 3213 513
www.ccc.org.mk

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Само два месеци откако на овие страници го читавте ексклузивното интервју со водечкиот регионален антикорупционер, првиот човек на словенечката комисија за спречување на корупцијата и претседавач со ГРЕКО, Драго Кос, во овој број со гордост ви претставуваме уште едно ексклузивно интервју. Професорката на Универзитетот Јеил и еден од водечките светски истражувачи на корупцијата, д-р Сјузан Роуз-Ејкерман, само преку Месечникот за антикорупција порачува што треба да преземе една влада за да може да се нарече антикорупциска. Д-р Роуз-Ејкерман, која особено ја проучува врската меѓу корупцијата и економскиот развој и има богато искуство од посткомунистичките земји, порачува формирање сојузништво меѓу невладиниот сектор, бизнисмените, административците и политичарите во борбата со корупцијата.

Ова лето се случи уште еден многу важен настан во светската борба против корупцијата. Групата земји Г-20 ја стави корупцијата на агендата на својот последен самит во Канада и формираше работна група која ќе се бори со ова зло. Во соседството, истражување на агенцијата „Галуп“ покажува дека дури 90 отсто од испитаниците сметаат оти бизнис-климата длабоко потонала во корупција, а 80 отсто веруваат дека судството е едно од главните упоришта на корупцијата.

Во нашата редовна анализа, се осврнуваме на улогата на пријавувачите (whistleblowers) во откривањето на корупцијата и на организираниот криминал. Додека кај нас овој инструмент речиси и да не функционира, тој особено се користи во САД и во развиените азиски земји. Се смета дека две работи се клучни за функционирање на пријавувањето: институциите навистина да преземат нешто откако ќе дознаат за корупцијата и да му понудат сериозна заштита на добронамерниот поткажувач.

Од Македонија, во овој број, новинарски осврт на измените во Законот за јавните набавки, особено на одредбите кои предизвикаа најмногу реакции во домашната јавност – можноста договорните органи да го одложат плаќањето за јавните набавки на неодредено време.

На крајот ги објавуваме резултатите од обемната анкета што ја спроведовме меѓу претставниците од одделите за јавни набавки на 138 фирми за нивното искуство и за проблемите со кои се соочуваат во процесот на јавни набавки. За повеќе од половина од фирмите, главен проблем во јавните набавки е нејасно изработената тендерска документација и техничка спецификација. Високи 43 отсто од фирмите се жалат на проблемот со наплатата на побарувањата од државните институции за веќе испорачаните добра и извршените работи. Имајќи предвид дека законските измени им овозможуваат на државните органи натамошно одложување на плаќањата, се очекува продлабочување на овој проблем во иднина.

Се надеваме дека и со овие содржини придонесуваме за поголемо разбирање и за применување на принципите на доброто владеење и намалување на злоупотребите кои произлегуваат од нечесно и противзаконско работење.

Воедно, уште еднаш ви благодариме за пополнетите анкетни прашалници за унапредување на овој месечник, кои и натаму стигнуваат на нашата адреса а кои ни даваат дополнителен поттик за уште посодржајни изданија во иднина.




БР. 6 година I

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- 4 ВЕСТИ
- 6 ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ со д.р Сузан Роуз-Ејкерман
- 8 АНАЛИЗА Со пријавувачи (whistleblowers) против корупцијата
- 11 ИСТРАЖУВАЊЕ Фирмите за јавните набавки
- 14 ОД НОВИНАРСКИ АГОЛ Јавните набавки добија тајни анекси

## КОРУПЦИЈАТА ГО МАЧИ ЗАПАДНИОТ БАЛКАН




23 јуни (Танјуг) – Корупцијата е присутна во секојдневниот живот и, покрај невработеноста и лошиот животен стандард, претставува основен проблем на луѓето од Западен Балкан, изјави директорот на „Галуп“ за Европа, Роберт Манчин.

Повеќе од 90 отсто од испитаниците во Србија, во Хрватска и во БиХ велат дека бизнис-климата потонала длабоко во корупција, а од правосудниот систем не може да се очекува ништо добро. Само 21 отсто сметаат дека судството ја извршува својата работа, додека останатите веруваат дека станува збор за уште едно цврсто упориште на корупцијата.

„Загрижува тоа што некои клучни сектори сè уште претставуваат проблем, како довербата во судовите дека нема да бидат пристрасни“, ја пренесува „Гласот на Америка“ изјавата на Манчин.

Тој истакна дека граѓаните на Западниот Балкан имаат голема доверба во Европската Унија, веруваат дека таа би можела да им помогне да се ослободат од корупцијата и нејзе ѝ веруваат повеќе отколку на своите влади.

Постојат повеќе видови корупција, вели овој експерт и додава дека луѓето веруваат дека постои корупција на високо политичко ниво, меѓу оние кои владеат со земјите.

И последната резолуција на Европскиот парламент укажува дека корупцијата е дојдена до „највисоките државни височини“.

„Кога станува збор за борбата против криминалот и корупцијата, овде сме далеку од победа: таквата борба на многу места дури не ни почнала. А власта и политиката се дел од тоа што, покрај слабиот правосуден систем, ги одбива инвеститорите, така што младите луѓе во земјата немаат шанси да најдат работа“, смета известувачот на Парламентот за БиХ, Дорис Пак.

## ТАДИЌ: НЕМА ДА ИМА ЗАШТИТЕНИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

БЕЛГРАД, 17 јуни (Бета) – Претседателот на Србија Борис Тадиќ истакна дека во борбата против корупцијата и организираниот криминал никој нема да биде заштитен, без оглед на политичките и роднинските врски, функцијата што ја извршува или улогата во општеството.

„Никој не може да биде заштитен во апсолутната борба против организираниот криминал и корупцијата, но секој мора да има право на фер судење“, рече Тадиќ во Белград на меѓународниот собир „Борбата против корупцијата во југоисточна Европа и современите предизвици“.



Претседателот на Србија порача дека дава целосна и апсолутна поддршка во воспоставувањето на правна држава и во изградба на институциите во Србија, како и на луѓето кои го работат тоа и кои ги спроведуваат реформите. „Корупцијата и организираниот криминал ги разурнуваат институциите и државата. Кога зајакнуваат институциите и државата, корупцијата и организираниот криминал се повлекуваат“, рече Тадиќ.

Тадиќ додава дека Србија и земјите од регионот живееле во општество во кое корупцијата била начин на однесување и ја поткопувала работата на секоја институција, и затоа е потребно луѓето и институциите да се мотивираат во убеденоста дека прават историска работа – дека градат држава и се борат против корупција и организиран криминал.

## КАРДИНАЛ ВО КОРУПЦИСКА ИСТРАГА

22 јуни (Тајмс) – Личниот секретар на починатиот папа Јован Павле II се товари во широкиот корупциски скандал кој допира до угледниот кардинал Черсенцио Сепе, кој, пак, тврди дека е наместен. „Јасно е дека некој сака да му наштети“, изјави за италијанскиот весник „Ла Република“ архиепископот од Краков и кардинал Станислав Ѓивиш, повторувајќи ја одбраната што самиот Сепе ја објави претходно.

„Им простувам, од дното на моето срце, на тие кои – внатре и надвор од црквата – сакаат да ме погодат“, рече на прес-конференција Сепе, кој е исто така архиепископ од Неапол, сомневајќи се дека е вовлечен во истрагата од неговите непријатели. Обвинителите во централноиталијанскиот град Перуџа го истражуваат Сепе поради контра-услуга што наводно ја зел како прв човек на „Пропаганда Фиде“, тело кое раководи со огромниот недвижен имот на Ватикан и кое финансира најголем дел од мисионерската работа на Католичката црква.



„Не можам да верувам! Не е можно, го познавам со години и тој само ѝ помага на црквата“, вели Ѓивиш, десна рака на папата Јован Павле II и пријател на Сепе.

Истрагата е дел од поширокатa корупциска истрага која допре и личности блиски до премиерот Силвио Берлускони, принудувајќи еден од неговите министри да поднесе оставка во мај.

Сепе, кој раководеше со „Пропаганда Фиде“ од 2001 до 2006 година, наводно му продал зграда под нејзината пазарна вредност на тогашниот министер за инфраструктура, Пиетро Лунарди. Италијанските медиуми објавуваат дека во замена за поволната продажна цена, „Пропаганда Фиде“ се стекнала со јавни субвенции вредни 2,5 милиони евра за јавни работи што никогаш не биле завршени.

## Г-20 СЕ ФОКУСИРААТ ВРЗ КОРУПЦИЈАТА

ТОРОНТО, 27 јуни – Лидерите на групата земји Г-20, на самитот во Канада ја издигнаа корупцијата како главно прашање на нивната агенда, постигнувајќи согласност да се формира работна група која ќе се бори против поткупот.

Во својата завршна декларација од самитот, лидерите на Г-20 истакнуваат дека „корупцијата му се заканува на интегритетот на пазарите, ја поткопува конкуренцијата, ја нарушува алокацијата на изворите, ја уништува јавната доверба и го поткопува владеењето на правото“. Декларацијата почива врз изјавата од последниот самит на Г-20 од Питсбург во 2009 година, но се користат многу посилни зборови.

Претседателот на САД, Барак Обама, ја засили пораката во својот завршен говор на Самитот, нарекувајќи ја „културата на поткуп... сопирачка на развојот и просперитетот“.

Работната група ќе изработи препораки за „практичен и значаен придонес кон меѓународните напори за борба против корупцијата“, кои ќе бидат претставени на следниот самит во ноември во Сеул, Јужна Кореја.



Освен воспоставување на работна група, Г-20 ги повика сите земји-членки да ја ратификуваат Декларацијата против корупцијата на Обединетите нации. Сепак, во декларацијата од самитот не е спомената поддршка на Конвенцијата против поткуп на ОЕЦД, која од некои експерти се смета за поефективна од Конвенцијата на ОН.

# БОРБАТА СО КОРУПЦИЈАТА ОДИ ПОДАЛЕКУ ОД АПСЕЊЕ НА КОРУМПИРАНИТЕ И ВКЛУЧУВА СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ



*Еден од најзначајните светски истражувачи на корупцијата и нејзиното влијание врз економскиот развој, професорката на Универзитетот Јеил, САД, д-р Сјузан Роуз-Ејкерман, во ексклузивно интервју за Месечникот за антикорупција (МАК), препорачува што треба да направи една влада за да се смета за антикорупциска. Според неа, во борбата против корупцијата мора да се преземат структурни реформи кои ќе одат подалеку од разрешување и апсење на корумпирани претставници. Меѓу другото, реформите би требало да се насочат кон поедноставен даночен систем, кон јасни правила за регистрација на земјиште, кон реалистични здравствени реформи кои вклучуваат приватизација, но и кон субвенции за сиромашните...*

**МАК**: Јавните набавки се една од областите најранливи во однос на корупцијата. На што треба да се внимава за да се намали просторот за корупција во оваа област?

**С. Роуз-Ејкерман:** Би направила разлика меѓу два вида набавки: купување на стандардни производи што се продаваат на светските пазари и проекти кои се единствени од тој вид. Во првиот случај, цените би требало да се споредат со оние на светските пазари, или барем со оние на пазарите во Западна Европа. Во суштина, од јавните службеници би требало да се бара да купуваат и да ги оправдуваат плаќањата преку споредба со референтните пазарни цени. Ова значи дека онаму каде што е можно, државата би требало да им дава предност на општите стоки и услуги коишто ги купуваат и приватните фирми, наместо на специјално изработени производи во кои цената на корупцијата може да биде прикриена во ‚дотерани' услови од договорот. Во последниов случај, стандардните гаранции за конкурентно натпреварување, како Меѓународните стандарди за конкурентно натпреварување на Светската банка, се добар почеток, но корупцијата често се појавува во претходните фази, уште кога се пишуваат условите на тендерот. Токму овде улога мора да игра мониторингот од граѓанскиот сектор и ‚екс-анте' и ‚експост' за да ги потенцира очигледно спорните договори. Дури и овде споредбата со референтни цени како одредници може да помогне да се изолираат исключително преплатени договори, споредено со слични проекти каде било на друго место.

**МАК:** Како исход од мониторингот на јавните набавки спроведен од невладиниот сектор, до владата се испраќа список со препораки за унапредување на спроведувањето на јавните набавки и на регулативата за јавните набавки. Како можеме да бидеме сигурни дека тие препораки, кои се даваат од експерти, ќе се применат во практиката без оглед дали за тоа постои политичка волја?

**С. Роуз-Ејкерман**: Овде не можам да ви дадам ниту еден практичен совет бидејќи не ја познавам политичката ситуација. Како и да е, еден очигледен одговор е да се претвори проблемот во нешто за што се грижат обичните гласачи, преку објавување на загубите од корумпираната јавна набавка.

**МАК:** Бизнисмените се тргнати настрана од антикорупциските реформи бидејќи тие избираат да молчат за да не си ги загрозат своите бизниси. Како оваа многу важна заинтересирана страна може да се вклучи повеќе во борбата против корупцијата?

**С. Роуз-Ејкерман:** Мора да имате сојузници меѓу оние во бизнис-заедницата кои ги изгубиле договорите поради корупција од другите, или меѓу оние кои страдаат од фушерски изведена или одложена работа на јавните проекти што е делумно предизвикано од корупција. Во примерите од историјата на САД, реформите често се случувале кога реформаторите како вас се здружиле со делови од бизнис-заедницата и со оние политичари кои согледале политичка корист од поддржувањето на реформите. Секако дека ви треба критична маса на поддржувачи кои се спремни да зборуваат – тоа може да подразбира напорна работа да се убедат директорите и сопствениците на фирмите дека имаат сојузници за ова прашање.

**МАК:** Како меѓународната заедница може да помогне повеќе во уверувањето владите да преземат подлабоки антикорупциски реформи?

**С. Роуз-Ејкерман:** Меѓународната заедница има многу препораки за специфични реформи, почнувајќи од редизајнирање на специфични програми, преку зголемување на транспарентноста и отчетноста, сè до законски реформи. Ова може да помогне да се структурира реформска програма, но само ако постојат луѓе од владата, од судството и од администрацијата кои би сакале да се зафатат со реформи. Тие реформи можат да бидат услов за добивање странска помош и заеми, и тоа може да ги притисне официјалните претставници да дејствуваат, но овие поттикнувања однадвор нема да имаат потрајно влијание доколку некои клучни играчи од-натре во државата и во приватниот сектор не ги поддржат активно реформите и вкупната корист од нив за земјата.

МАК: Корупцијата во Македонија, како поранешна социјалистичка држава – барем под ова име – е релативно нов феномен. Зошто во овие земји овој проблем се прошири толку брзо за толку краток период од петнаесет години?

**С. Роуз-Ејкерман:** Една причина изгледа дека е брзата промена на режимот кон демократски систем на управување и кон пазарно ориентирана економија, без притоа да постојат другите аспекти за регулација. Барем во другите постсоцијалистички земји што сум ги проучувала, еден проблем на раната транзиција е недостигот на јасни правни стандарди, така што службените лица и фирмите можеле да склучат заговор за извлекување лична корист. Предизвикот на остварување напредок е да се осигураме дека правилата што ќе се востановат се сметаат за разумни од страна на граѓаните. Инаку, тие може да го користат поткупот за да ги заобиколат правилата за кои се смета дека се пререстиктивни или безначајни. Исто така, бизнис-лидерите можеби ќе треба да преземат водство во обидот да се воведе норма на чесност во работите поврзани со државата, со активности кои бараат подобрување или отфрлање на оние закони што немаат друга намена освен да поттикнат поткуп.

**МАК:** Кои се најзначајните чекори што треба да ги преземе една влада за да докаже дека е антикорупциска?

**С. Роуз-Ејкерман:** Можеби треба „да улови некоја крупна риба“, како што вели Робер Клитгард, вклучувајќи некоја и од нејзините. Како и да е, тоа би било само начин да изгради кредибилитет. Не смее да сопре таму оти за кратко време ќе се појават уште повеќе ‚крупни риби‘ за да ги искористат можностите. Попрво треба веродостојно да реформира еден или два клучни сектори (како даноците и царината, регистрирањето и преносот на имот, здравствената заштита), за да демонстрира дека реформите се можни и веродостојни. Реформите мораат да одат подалеку од разрешување и апсење на корумпирани претставници и тие треба да вклучуваат структурни реформи, како поедноставен даночен систем, јасни правила за регистрација на земјиште, реалистични здравствени реформи кои вклучуваат приватизација, но и субвенции за сиромашните.

**МАК:** Зборувајќи секојдневно за неа – корупцијата добива митски статус во општеството, како далечно нешто што не се случува меѓу нас. Како повторно да ја спуштиме на земја?

**С. Роуз-Ејкерман:** Ова е проблем насекаде. Еден од одговорите е да се прикажат конкретни случаи колку таа ги чини обичните луѓе, но и како збогатила одредени луѓе. Истражувањето „Чисти раце“ во Италија го направи токму тоа – им ги откри на луѓето трошоците на корупцијата кои тие претходно ги прифаќаа за нормални. Се разбира, ваквите откритија мора да бидат придружени со практични предлози за реформи или во спротивно, секој ќе стане сè poциничен.

**МАК:** Имајќи предвид дека нашиот центар, меѓу другите активности, исто така обучува и новинари за истражување и известување за корупција, што треба според вас да направат медиумите за да ја играат својата важна улога во спречување на корупцијата во земја во која медиумите се рангирани како ‚делумно слободни‘ од меѓународните организации?

**С. Роуз-Ејкерман:** Тренингот што го обезбедувате е добра стратегија, но во дополнение граѓаните и медиумите треба да ја притискаат владата да биде поотворена и да обезбедува повеќе информации за своите активности, како и да нуди повеќе шанси за луѓето и организациите да учествуваат во креирањето на политиките. Овие промени нема само да им користат ним самите, туку исто така ќе им дадат на медиумите и подобри информации за тоа што се случува. Освен тоа, погледнете ги македонските закони за клевета. Дали постои закон против навреди кој овозможува лесно да се наклевети некоја јавна личност? Ако е така, тоа може да има ефект на потиснување на слободата на говорот или на однесувањето поради страв од казна, што е токму спротивно од она што сметам дека е соодветно. Јавните личности треба да очекуваат да бидат критикувани и треба да имаат поголеми тешкотии во подигнувањето на тужба за клевета во споредба со обичните граѓани. Таквата одбрана на јавната личност од тужба за клевета е закон во САД и се чини дека креира добра рамнотежа.

**МАК:** Улогата на невладините организации е важна, но таа не е доволна поради слабостите на овој сектор и притисокот од владата. Како невладиниот сектор да се наметне како позначаен фактор?

**С. Роуз-Ејкерман:** Невладините организации треба да бараат сојузници во бизнис- и во финансиската заедница, во меѓународните организации за помош и позајмување, како и во другите тела, како ГРЕКО, но и во владата, и тоа во избрани функционери, административци и судии. Како што предложив претходно, очигледни сојузници се оние кои настрадале од корупција и кои веруваат дека би имале корист од почесна држава.

Д-р Сјузан Роуз-Ејкерман е еден од водечките светски истражувачи на корупцијата. Таа предава право и политички науки на Универзитетот Јеил и е ко-директорка на Центарот за право, економија и јавна политика на Правниот факултет на истиот универзитет. Магистрирала и докторирала на Јеил и била стипендист на фондацијата „Гугенхајм“ и на Фулбрајтовата комисија. Во периодот 1995-’96 година, била гостин-истражувач во Светската банка, каде што ги истражувала корупцијата и економскиот развој. Нејзината сфера на истражување, покрај корупцијата, опфаќа и споредбено регулаторно право и политики, политичка економија на корупцијата, јавна политика, административно право, право и економија. Меѓу нејзините бројни книги и публикации спаѓаат: Корупцијата и власта: причини, последици и реформа, Преиспитување на агендата на напредок: Реформа на американската регулаторна држава, Корупција: Студија од политичка економија и Од избори до демократија: Градење отчетна власт во Унгарија и Полска.



**Вања Михајлова,** антикорупциски експерт

# СО ПРИЈАВУВАЧИ (WHISTLEBLOWERS) ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА



**Иако има основа во неколку закони, пријавувањето на корупцијата не функционира во македонската практика. Се смета дека е слаба довербата на евентуалните пријавувачи во институциите дека овие навистина ќе преземат нешто, но постои и страв од последици за пријавувањето, иако е предвидена заштита за овие „информатори“.**

Глобализацијата и брзиот пораст на т.н. економски криминал, во кој спаѓаат корупцијата, перењето пари, финансиските измами, финансирањето на тероризмот и слични дела ја натераа меѓународната заедница да се организира, да се координира и да предложи нови мерки заради поефикасна борба против овој вид на криминал. Покрај стандардните методи, се бара и соработка од граѓаните, од службените лица и од институциите. Така, Конвенцијата на ООН, како најзначаен документ за борба против корупцијата, бара од земјите во своето законодавство да предвидат соодветни мерки против неоправдан третман на лице кое ‚со добра намера‘ и врз основа на разумни основи, до надлежните органи пријавува факти кои укажуваат на кривично дело.

Тргнувајќи од обврските од Конвенцијата, Македонија на 19 мај 2005 година донесе Закон за заштита на сведоците. Со Законот се уредуваат постапката и условите за заштита и помош на сведоците, а се дефинираат и мерките за нивна заштита. Исто така, со Законот се уредува постапката и начинот на заштита на соработниците на правдата и на жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци, а кои имаат информации за извршување на кривично дело, за неговиот сторител и други важни податоци и информации од значење за кривичната постапка, неопходни и решавачки за докажувањето на кривичното дело.

## Законска регулатива која упатува на пријавување

Со Законот за спречување на перењето пари и други приноси од казниво дело, како и финансирање тероризам, воспоставена е обврска за конкретни субјекти да преземаат мерки и дејствија за спречување на перењето пари и финансирањето тероризам. Меѓу нив спаѓаат: финансиските институции и нивните подружници и филијали, правните и физичките лица кои вршат промет со недвижности, ревизорски и сметководствени услуги, нотарски, адвокатски и други правни услуги што се однесуваат на купопродажба на подвижни предмети, недвижности, содружнички удели или акции, тргување и управување со пари и хартии од вредност, отворање и располагање со банкарски сметки, приредувачи на игри на среќа, здруженија на граѓани и фондации, друштва за финансиски консалтинг, берза за хартии од вредност и други. Законот ги задолжува субјектите да воспостават процедура и да ја известат Управата за спречување на перењето пари и финансирањето тероризам за поврзани трансакции над определен износ (15 000 евра), за секое сомневање за перење пари или финансирање тероризам, без оглед на износот на средствата, за сомневање за вистинитоста или адекватноста на добиените податоци за идентитетот на клиентот, за невообичаено големи трансакции извршени на невообичаен начин и за слични сомнителни трансакции. Субјектите имаат обврска да ѝ ги достават на Управата собраните податоци, информации и документи во случај на сомневање или кога имаат основи за сомневање дека било или е извршено перење пари или финансирање тероризам, или е направен/се прави обид за перење пари или за финансирање тероризам.

За непочитување на овие обврски се предвидени парични казни. Треба да се напомене дека обврската за пријавување сомнителна трансакција произлегува од законот и не е на доброволна волја, или „бона фиде“.

И Законот за спречување на корупцијата содржи одредби со кои се поттикнува соработката со надлежните органи за борба против корупцијата и им обезбедува заштита на лицата кои пријавиле корупција или работат на нејзиното уништување. Така, во законот стои дека „не може да се преземе казниво гонење или да се повика на каква и да е одговорност лице што открило податоци што укажуваат на постоење корупција. На лицето што дало изјава или сведочело

во постапка за дело на корупција му се обезбедува заштита. Лицето има право на надоместок на штетата што може да ја претрпи тој или член на неговото семејство поради дадената изјава или сведочењето".

Законот предвидува целосна заштита и независност на лицата вработени во органите за откривање и за отстранување на корупцијата, заради ефикасно извршување на нивните овластувања и должности, и упатува дека врз нив не смее да се врши притисок во работата или при преземање конкретни мерки. За извршениот притисок, лицата ја известуваат Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

## Како е во македонската практика?

Сепак, мора да се признае дека се ретки случаите кога граѓаните пријавуваат корупција или службените лица кои работат врз откривање и отстранување на корупцијата ја известуваат ДКСК дека врз нив е вршен или се врши притисок поради тоа што откриле или имаат сериозни сомневања за коруптивни практики. Причината за ова главно треба да се бара во отсуството на доверба во институциите кај пријавувачите – дека ќе бидат преземени какви било мерки против сторителите. Од друга страна, постои стравување дека ќе се соочат со последици од откривањето на податоци за корупција, и покрај предвидената законска заштита.

Во прилог на ова зборува и фактот што иако во Етичкиот кодекс за државните службеници е предвидено дека доколку државните службеници имаат сознанија за неетичко и непрофесионално однесување, за злоупотреба на службената положба или за вмешаност во корупција од страна на вработени во органот, тоа да го пријават кај претпоставениот или кај надлежните органи, во практиката, според сознанијата со коишто се располага досега, не е забележан случај на пријавување корупција од страна на државни службеници за нивни колеги.

## Искуства во другите земји

Вообичаена практика е, кога се анализираат одредени состојби, да се прави споредба со земјите од соседството и со оние од ЕУ. На планот на легислативата, земјите од регионот и пошироко главно го имаат усогласено своето законодавство со европските стандарди (иако во практичната примена има големи разлики со земјите од ЕУ) и според преземените обврски од меѓународните документи.

Но, во овој случај, особено е интересна состојбата во некои од економски најуспешните земји од азискиот континент, кои секоја година привлекуваат милијарди долари странски инвестиции или самите инвестираат огромни средства во други региони. Со цел да понудат објективна слика за бизнис-климата, која покрај другото ги опфаќа правната сигурност и мерките против корупцијата, перењето пари и финансирањето на тероризмот како најголема закана за легалните бизнис-трансакции, изработени се посебни насоки и водич за потенцијалните инвеститори, во кои се содржани мерките што се преземаат против ваквите нелегални активности, вклучувајќи ги и пријавувањата (известувањата) од граѓаните и од службените лица, како и нивната заштита од евентуална закана или последици.

Во Кина, законот за кривична постапка предвидува генерална обврска за физичките и за правните лица да известуваат за секој сомнителен криминал или криминални активности. Законот за превенција од перењето пари предвидува бројни обврски за надлежните финансиски институции за борба против перењето пари, вклучувајќи и обврска да ја пријават секоја сомнителна трансакција. За секој директор, за друго лице на одговорна функција или за вработен кој нема да ја почитува оваа обврска, освен парична казна, предвидени се и дисциплински мерки и разрешување од позицијата. Ако лицето кое пријавува корупција сака да ги задржи како доверливи имињата и активностите на сведоците, органите на прогонот и судот ќе ја почитуваат неговата одлука и овие информации ќе ги чуваат како тајни.

Во Хонгконг, Комисијата за борба против корупцијата и другите органи на прогонот немаат предвидено никаква обврска за пријавување. Според законодавството на оваа земја, секое лице кое знае, или се сомнева дека одреден имот е резултат/бил/или ќе биде искористен во врска со одреден криминал, должно е да го пријави овој факт во полицијата или во Управата за царини и акцизи. Во практиката, ваквите пријавувања вообичаено се вршат преку Заедничкиот финансиски оддел за разузнавање, институција за пријавување сомнителни трансакции меѓу полицијата и Управата за царина и акцизи. Покрај ова, постои законска обврска за пријавување доколку одредено лице се сомнева или знае дека одреден имот е стекнат од средства кои потекнуваат од трговија со дрога. Доколку лицето не ги пријави ваквите сомневања или факти, покрај паричната, предвидена е казна и затвор до три месеци. Дополнително, обврската за пријавување на сомнителна трансакција, финансирање тероризам или корупција е воведена и за сметководителите, и за надлежните финансиски институции утврдени со закон.

Во Индија, со цел да се охрабрат граѓаните да пријават коруптивни практики, донесен е закон за јавниот интерес од обелоденување на податоци и заштита на информаторите. Централната комисија за будност е надлежна за постапување по писмените поплаки, за откривање на корупција или за злоупотреба на службената положба од страна на јавни службеници,



вклучувајќи ги и вработените во јавните претпријатија. Постои и закон за заштита на информаторите, донесен во 2006 година. Во законодавството за спречување на перењето пари, конкретно се дефинирани компаниите и институциите кои имаат обврска да пријават сомнителни финансиски трансакции. Со меѓусебен договор склучен меѓу овие институции, се препорачува да се воспостават процедури за вработените да пријават неетичко однесување, актуелни или сомнителни измами, повреда на кодексот на однесувањето или етички политики за менаџментот.

Според антикорупциското законодавство на Малезија, воспоставена е обврска за лицата кои дале, ветиле или понудиле поткуп, како и за лицата од кои било побарано/добиено, или бил направен обид за добивање на поткуп, таквите трансакции да ги пријават кај антикорупциската комисија. Интересно е што во законот за спречување на перењето пари и во законот против финансирањето тероризам, предвидено е пријавување на сомнителни трансакции од страна на специјализирани институции, како банките, брокерските куќи, кредитните институции, сметководителите, адвокатите, клубовите за обложување, клубовите за трки, позајмувачите на пари, залогодавачите, агентите со промет на недвижности, менаџментските компании, странските берзански дилери и слично.

Според законодавството на Индонезија, граѓаните имаат право и одговорност да спречат и да пријават акт на корупција. Во врска со спречување на перењето пари, слично како и во другите земји, финансиските институции се должни да поднесат извештај за секоја сомнителна трансакција над одреден износ утврден со закон. Непочитувањето на оваа обврска подлежи на парична казна.

Во Јапонија обврската за пријавување е ограничена на бизнис-секторот, каде што, пак, се вклучени и трговците со скапоцени камења и скапоцени метали, агенциите за промет со недвижности, компаниите со кредитни картички, финансиските компании за лизинг, агенциите за поштенски фах и телефонските компании. Надлежната агенција може да издаде административен налог со која се бара од институциите да ги пријават сомнителните трансакции. Непочитувањето повлекува кривична казна. Според специјалниот закон за заштита на поткажувачите, вработените кои ќе ги пријават работодавачите за одредени нелегални активности или сомнителни трансакции се заштитени од какви било мерки. Сепак, овој закон не предвидува дисциплинска или друг вид казна за вработените поради неисполнување на оваа обврска.

Според антикорупцискиот закон на Јужна Кореја, јавните службеници се должни, а граѓаните се охрабруваат да го пријават секое коруптивно однесување на јавен службеник. Секое лице кое ќе пријави акт на корупција тоа треба да го направи во писмена форма, со наведување на личните податоци, намерата, целта и причините за пријавувањето. Во известувањето треба да бидат специфицирани имињата на јавните службеници вклучени во корупција и придружните докази за тоа. Лицата кои пријавиле корупција нема да трпат никакви последици поради тоа, а може да бидат наградени во зависност од исходот од истрагата. Според истиот закон, финансиските институции се должни да го известат Одделот за финансиски истраги за трансакции над законски утврдениот лимит (до 20 000 долари). Ако финансиската институција погрешно пријавила сомнителна финансиска трансакција со намера, или поради голема небрежност, во законот се предвидени посебни мерки за ваквите случаи. За разлика од другите земји, овде максималната казна за непостапување по оваа законска обврска изнесува 10.000 долари или затворска казна до 2 години.

Според законодавството на Сингапур, секое лице кое знае или има сериозни основи за сомневања дека одреден имот е стекнат од средства кои потекнуваат од криминал, а сознанието го стекнало при вршење на трговска зделка, професија, бизнис или вработување, мора да му ја открие информацијата на одговорното лице задолжено за известување за сомнителни трансакции. Монетарната власт во Сингапур издаде Кодекс за корпоративно управување, кој треба да го применуваат точно определени компании. Постапувањето по овој Кодекс не е задолжително, но компаниите мора да го објаснат секое отстапување од него во својот годишен извештај. Кодексот бара од компаниите да воспостават ревизорско тело кое треба да пропише правила за вработените во компанијата за пријавување на можно несоодветно известување за одредени финансиски или други работи, и таквите укажувања треба да бидат истражувани.

### Национален центар на пријавувачи

**Една од најистакнатите институции во светот која ги претставува пријавувачите е Националниот центар на пријавувачи. Формиран е во 1988 година во Вашингтон, САД, како непартиска и невладина организација која им помага и ги заштитува сите оние кои ќе пријават злоупотреби на своите работни места. Организацијата има остварено завидни резултати, а на својата интернет-страница www.whistleblowers.org ги објавува сите пријавувачи, со име и презиме, фотографија и успехот што е постигнат со нивното пријавување, а кои, ако има потреба, таа ги застапува и ги штити на суд. На истата страница има и формулар за пријавување на корупција преку интернет. Сепак, главната дејност на организација е застапување на пријавувачите, односно нивно охрабрување и поттикнување да пријавуваат злоупотреби за кои се свесни и имаат информации.**

# АНКЕТА НА ФИРМИТЕ ЗА ИСКУСТВОТО ОД ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Во обид да се дојде до подетални информации за практичната примена на Законот за јавните набавки, Центарот за граѓански комуникации, покрај редовниот мониторинг на избрани постапки за јавни набавки, спроведе и анкета на компаниите-редовни учесници во постапките за јавни набавки. Во анкетата спроведена во март и април 2010 година, учествуваа 138 компании-членки на Стопанската комора на РМ и на Сојузот на стопанските комори. Релевантноста на добиените сознанија од анкетата е дотолку поголема ако се има предвид дека се анкетирани компании со редовно учество и, оттука, со големо искуство во јавните набавки, а анкетните прашалници ги пополнуваа токму луѓе од одделите за јавни набавки во анкетираните компании. Имено, дури 38,5% од анкетираните компании учествуваат на повеќе од 24 постапки за јавни набавки годишно. 25,3% учествуваат на 13-24 постапки, 19,5% на 6-12 постапки, а 16,7% од компаниите учествуваат на 5 постапки годишно.

## Главни проблеми со кои се соочуваат фирмите во постапките за јавни набавки

За половина од компаниите (50,4%), главен проблем во јавните набавки е нејасно изработената тендерска документација и техничка спецификација. Компаниите наведуваат случаи во кои спецификацијата на понудата е изработена со премногу детални информации, со што упатува на конкретен производ, или условите се така поставени што одговараат на одреден понудувач, дури и случаи кога во документацијата се наведува конкретна трговска марка, а и такви во кои се објавува оглас за јавна набавка со даден рок за отворање, при што договорниот орган сè уште ја нема изработено техничката документација.

Како втор главен проблем со кој се соочуваат во постапките за јавни набавки, компаниите го рангираат неправилното бодирање на понудите и фаворизирањето на одредена понуда, што претставува проблем за 47,4% од испитаниците. Во појаснувањата на своите одговори, дел од компаниите зборуваат за „однапред познат победник“, за „пред-тендерско договарање“ и за случаи кога бодовите се приспособуваат кон еден понудувач. Фирмите исто така наведуваат и примери кога се манипулира со одредени критериуми, како што е рокот на плаќањето, кој многу често се наведува дека е „до 365 дена“, но и за несоодветно оценување на техничките карактеристики од понудата.

*Кои се главните проблеми со кои се соочувате во постапките за јавни набавки?*




Трет проблем за фирмите се несоодветните критериуми за доделување на договорот – односно премногу доделени бодови за критериумот ‚цена‘ (за 44,3% од фирмите). Ако кон ова се додадат и 30,8% од анкетираните кои се жалат на преголемо доделување бодови за критериумот ‚квалитет‘ или за друг „субјективен“ критериум, тогаш сево ова зборува за сериозноста на проблемот со несоодветен избор на критериуми за доделување на договорите за јавни набавки. Во оваа насока се и забелешките што ги наведуваат анкетираните во однос на непочитувањето на одредбите содржани во законот, на што биле изложени во постапките за јавни набавки во кои учествувале досега, а кои се однесуваат на несоодветно дефинирање на соодносот цена – квалитет, манипулирање со критериумот ‚квалитет‘ и многу често негово субјективно оценување, доделување на договорот на понудувач кој има нереално ниска цена и нереално

долги рокови за плаќање, како и постоење на критериумот ,квалитет' и во случаи кога тој не може да се утврди од поставените услови за учество на набавката.

Анкетата натаму упатува на пораст на проблемот на компаниите со наплата на побарувањата од државните институции за испорачаните добра или дадените услуги. Со овој проблем сега се соочуваат дури 42,9% од анкетираните компании. За споредба, во анкетата спроведена минатата година овој процент изнесуваше 30,2%. Овој проблем е особено сериозен ако се има предвид дека со ненавремената исплата, државните органи директно влијаат врз намалување на ликвидноста на фирмите, оневозможувајќи им добро да го планираат и да го организираат деловниот процес.

Загрижувачки е и податокот дека 33,8% од компаниите се соочуваат со проблемот на одолговлекување при донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Ова ги потврдува претходните наоди на ЦГК дека тоа што во законот отсуствува краен рок за донесување на одлуката за избор на понуда во практиката се злоупотребува од договорните органи, кои често го одолговлекуваат изборот.

32,3% од компаниите се жалат на недоволно образложени известувања од договорните органи за избраната понуда, иако Законот за јавни набавки експлицитно ги обврзува договорните органи да им достават на сите учесници во постапката не само известување која понуда е избрана за најповолна, туку, што е особено важно, известување и за начинот, и за причините за извршениот избор. Поради недоволното образложување на изборот на најповолна понуда во практиката, економските оператори не можат да добијат јасна и очигледна претстава за начинот на донесувањето на одлуката и не можат да подготват добро образложени и поткрепени жалбени наводи ако евентуално решат да вложат жалба за одлуката на договорниот орган.

Како главен проблем во постапките за јавни набавки, 25,6% од фирмите го посочуваат високиот износ на банкарската гаранција. Иако во Законот за јавни набавки е наведено висината на гаранцијата да не изнесува повеќе од 3% од вредноста на понудата, сепак, практиката сведочи дека вообичаениот износ кој се бара е токму највисокиот, односно 3%, со што голем дел од економските оператори се ставаат во неповолна положба, а особено оние кои учествуваат во повеќе тендери. Оттука, голем дел од забелешките на економските оператори се однесуваат на утврдување понизок процент, односно износ на банкарската гаранција.

Меѓу останатите проблеми со кои се соочуваат фирмите во постапките за јавни набавки се нереалните и тешко остварливи критериуми за утврдување на економско-финансиската и техничката способност на економските оператори (за 22,5% од фирмите), одолговлекувањето на реализацијата на добиениот договор за јавна набавка (за 18,8% од фирмите) и неоснованото одбивање на жалбата (за 17,3% од фирмите).

Во дел од своите одговори на прашањето да ги посочат најчестите повреди на законот, фирмите се жалат и на намерно поништување на првиот оглас за јавна набавка, со цел да се видат цените на понудувачите и потоа во следната набавка да се фаворизира одредена компанија.

Просечна оценка за јавните набавки 2,8

Во анкетата, испитаните компании ја влошија оценката која ја доделуваат за вкупниот процес на јавни набавки во Република Македонија. За разлика од минатогодишната оценка од 2,93, во оваа последна анкета фирмите даваат просечна оценка од 2,80 (на скала од 1 до 5) за процесот на јавни набавки, што недвосмислено укажува на продлабочување на проблемите во системот за јавни набавки, но и на потребата од преземање корективни мерки за негово унапредување.

*Како го оценувате вкупниот процес на јавни набавки, според постапките на кои сте учествувале?*



## Предлози од фирмите за измени во Законот и во постапките за јавни набавки

Прашани на крајот – што би смениле во постоечкиот закон за јавните набавки, фирмите генерално бараат поедноставување на процедурите и постапките, намалување на обемот на потребната документација, или барем олеснување на постапките за нејзино добивање, но во исто време и прецизирање на законските одредби онаму каде што во практиката фирмите се често незадоволни од субјективна и не ретко манипулативна проценка на комисиите за јавни набавки. Исто така, се предлага и воведување на неколку рокови кои сега не се предвидени, а фирмите се соочуваат со проблеми поради тоа (рок за донесување на одлуката, рок за постапување по одлуката на Комисијата за жалби и др.). Еве дел од нивните одговори:

- Прецизирање и појаснување на дел од законот;
- Нагласено предвидување на правото за увид во тендерската документација, бидејќи сега договорните органи честопати не дозволуваат таков увид;
- Задолжително воведување рокови за донесувањето на одлуката и за постапување по одлуката на Комисијата за жалби;
- Воедначување на критериумите за избор на најповолна понуда;
- Укинување на банкарската гаранција;
- Забрана за наплата на тендерската документација;
- Можност за електронско добивање на документи кои се потребни за учество на јавните набавки, како потврди за стечај, за платени даноци, за тековна состојба и сл.;
- Регулирање и намалување на надоместокот за жалба;
- Поедноставување и намалување на обемот на потребната документација за учество на јавна набавка;
- Воведување функционално тело за контрола на јавните набавки;
- Воспоставување критериуми за одредување на квалитетот;
- Поедноставување на целата процедура на јавните набавки;
- Точно дефинирање на ИСО-стандардите како услов за учество на јавната набавка;
- Законски да се регулира обврската на договорните органи прво да имаат обезбедени средства за набавката, а потоа да се спроведува јавна набавка;
- Воведување прецизна методологија за доделување бодови за одредените критериуми (квалитет, цена, рок на испораката и сл.);
- Да се одреди најниската граница до која може да оди понудената цена за да се спречи избор на понуди со нереални цени (до 70% пониски од пазарните);
- Воведување строги критериуми за однесувањето на комисиите за јавни набавки.





Александра Филиповска, новинарка во „Дневник“



# Јавните набавки добија тајни АНЕКСИ

И покрај критиките од стопанствениците, експертите и опозицијата, од 28 јули почнуваат да важат измените во Законот за јавни набавки, со кои Владата си овозможи со анекс-договори да ги одложи плаќањата на неодредено време и за веќе склучените договори со приватниот сектор. Се разбира, овојпат во законските измени изостана редовното образложение „приспособување на домашното законодавство со регулативата на ЕУ“. Овие наменски измени во законот дојдоа со ребалансот на буџетот, откако Владата увиде дека стопанството нема кондиција да ја полни државната каса со тоа темпо со кое таа планираше да троши, па како „најбезболна“ опција ја одбра корекцијата на законот.

Скандалозни и неуставни беа епитетите со кои се етикетираа изминатиов период новините во Законот за јавните набавки во земјава, преку кои се одлева една четвртина од буџетот (околу 600 милиони евра годишно) од народните пари.

Со измените се воведува нов член кој предвидува Владата, по претходно мислење на Министерството за финансии, да дава одобрение за промена на динамиката за плаќање на обврските од склучените договори за јавни набавки, кои се предвидени со програма опфатена со развојниот дел од буџетот. За промена на договорот е потребна претходна согласност од другата договорна страна (компаниите). Потоа, се додава уште еден нов член кој овозможува во услови на донесување измени и дополнувања на буџетот со кои се намалуваат одобрените средства, буџетските корисници да можат да извршат промена на динамиката на реализацијата или плаќањето на обврските од склучените едногодишни договори, по претходно обезбедена согласност од другата договорна страна, со склучување анекс на договорот за продолжување на рокот за следната година или повеќе.

Измените на законот важат и за веќе склучените договори. Владата предвидела овие законски измени да се применуваат до крајот на 2011 година. Сепак, таа заборавила дека законите не може да важат ретроактивно. Тоа децидно го пишува во Уставот.

Според Слаѓана Тасева, поранешен член на Државната антикорупциска комисија, законските измени се неуставни и нема да поминат ниту пред Уставен суд, ниту пред другите судови доколку компаниите одлучат да поведат постапка пред нив.

- Ваквите одредби се спротивни на уставните начела за пазарна економија и нема да поминат на Уставниот суд бидејќи ретроактивно се наметнуваат ваков вид измени за веќе склучени договори. Вака компаниите немаат услови да располагаат со своите пари,а тоа е нивно право, според договорот за јавна набавка. Сега некој наметнува состојба да може да располага со нивните пари како сака. Вака стопанството се става во подредена позиција пред Владата. Мислам дека вакви спорови нема да поминат ниту пред кој било друг суд - вели Тасева.

Опозициските партии, на собраниската расправа при носењето на измените на законот, нагласија дека ова е еден од најскандалозните закони што ќе биде донесен во македонскиот Парламент и најавија негово оспорување пред Уставниот суд.

Најзасегнатите, стопанствениците, замолчеа. Откако ја обвинија Владата дека вака, наместо изведувачи, од нив прави инвеститори на нејзините проекти, сега како што велат, барале „врски“ да не бидат меѓу „из-

браните" на кои државните институции годинава нема да им платат за завршената работа.

Според Никола Велковски, претседател на Здружението за градежништво при Стопанската Комора на Македонија, секторот кој е најзасегнат од законските новини, компаниите се чувствуваат немоќни да се изборат за своите права.

- Реакцијата од компаниите се молк и вчудоневиденост. Молкот според мене е знак на немоќ на фирмите да се изборат за своето право. Измените се еднострано донесени без некој нас да нè консултира. Откако реагиравме, а тие поминаа, сега секоја компанија сама се снаоѓа, како знае и како умее. Бараат врски и мислат дека тие ќе им помогнат. Речиси половина од фирмите се надеваат, сè уште мислат дека тоа нема нив да ги снајде – вели Велковски. Тој очекува дека фирмите ќе се освестат од септември, кога на свој грб ќе ги почувствуваат законските измени и кога ќе има конкретни примери. Според него, компаниите се ставени пред свршен чин.

- Бидејќи немаме доволно големи инвеститори од надвор и инвестира само државата, властите се однесуваат монополистички и еднострано ги менуваат условите. Во таков случај, изведувачот ќе треба да ја преземе улогата на инвеститор. Зад нас стојат уште 30 други гранки чија исплата зависи од навремената исплата од инвеститорот - вели Велковски.

Експертите се децидни дека со законските измени државата се става во монополска позиција да ги уценува фирмите да им ги исплати парите кои требало да ги добијат со договорот за јавната набавка тогаш кога во буџетот ќе има средства за тоа. Други одат дотаму што измените ги квалификуваа како крупен владин рекет врз компаниите, бидејќи тие се ставени во ситуација да немаат избор, оти ретко која компанија би се осмелила да одбие договор со Владата, што би можело да ја чини пропаст.

- Државата вели дека ќе го менува договорот за јавните набавки доколку двете страни се согласат. Но, двете страни во случајов не се во иста позиција. Со оваа законска мерка, државата се става во позиција на крупен рекетар. Речиси и да нема компанија во Македонија која може да си дозволи да одбие договор со државата. Таа ги има сите механизми и средства на располагање. Може на која било компанија да ѝ го загорчи животот и да ја доведе до пропаст - вели Сашо Ордановски од „Транспарентност Македонија".

Експертите за јавни набавки се зачудени од ваквото законско решение и велат дека ваков пример не сретнале во законодавството на ниедна земја која ја проучувале.

- Правилата на јавната набавка се јасни – ефикасност и ефективност. Со ваквата мерка тие им ја попречуваат реализацијата на бизнис-плановите и ги ставаат во неизвесност самите компании. Анексите за одложено плаќање ќе влијаат врз ликвидноста на фирмите, па тие ќе мора да се задолжуваат во банки за да исплатат плати за вработените. Ако планираните средства не се реализираат набрзо, тоа ќе влијае и врз бројот на вработени во тие компании - вели Вања Михајлова, антикорупциски експерт и поранешен член на антикорупциската комисија.

Според образложението на владините министри, економската криза влијаела да се решат за вакви законски измени. Тие образложија дека станува збор за исклучително добри мерки кои бизнис-заедницата треба да ги поддржи, бидејќи на овој начин добиваат сигурност за проектите и за парите што ќе им бидат исплатени.

- Фирмите со ова ќе имаат подобрена ликвидност, бидејќи со подобрено планирање на динамиката и изведба на проектите, како и на плаќањето, ќе може пореално да се извршува тоа - изјави министерот за финансии Зоран Ставрески. Според него, тоа е подобро отколку да се откажуваат проектите, фирмите да останат без работа и да се отпуштаат луѓе.

Единственото добро во целата ситуација е тоа што покрај „наменските" измени, поминаа и делови кои експертите одамна потенцираа дека мора да се коригираат во законот. Имено, сега за постапките за доделување договори за јавна набавка, кои завршуваат со електронски аукции, ќе има јавно отворање на понудите. Се воведува и рок во кој договорниот орган е должен да ја донесе одлуката за избор или за поништување на јавната набавка, што досега не беше законски прецизирано и на што компаниите многу се жалеа, бидејќи немаа известување за постапката за јавни набавки со месеци.

Сепак, во измените на законот изостанаа многу детали. На пример, „законски рокови" дали и кога државните институции ќе им платат на компаниите кои, според договореното, набавиле нешто за нив, а сега не сакаат да склучат анекс на договорите за одложено плаќање. По кои критериуми ќе се одлучува кои договори се „итни" и треба да се платат со годинешниов буџет, а за кои да се одложи рокот за плаќање „за следната година или повеќе" и слично.



## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од обласа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија, преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.